# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Петнаесеттото продолжение на Седумдесет и втората
седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 7 септември 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала број 1, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, преседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Седумдесет и втората  седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Замир Дика, Илјаз Халими, Ружди Матоши, Фатмир Асани, Мендух Тачи, Џевдет Насуфи, Зиди Џелили, Есад Рахиќ, Благородна Мингова - Крепиева, Трифун Костовски, Гајур Сарач, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола  Груевски, Петар Наумоски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Слободан Чашуле, Ванчо Стаменков, Орданчо Тасев, Илија Китановски, Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Минуваме на точката 7 - **Предлог  на закон за угостителска дејност.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 за бришење на став 3, член 5, член 6 став 2 и 3, член 7 став 1, член 14 став 4, член 18 точка 2, член 19 став 1, точка 2 и на став 2, член 20 став 1 и за додавање нов став 3 по ставот 2, член 21 став 1алинеја 3, член 23 став 1 за менување на точка 1 и на точките 2 и 6, член 25 став 3, член 26 став 1, член 32 став 1, член 71 став 1 точка 1 и на член 72 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Петар Апостолов и Нелко Стојаноски, поднесоа амандмани на член 21 став 1 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3 и на член 23 став 1 точка 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Петар Апостолов и Нелко Стојаноски, поднесоа амандман на член 5, кој е со иста содржина со амандманот на член 5 поднесен од Законодавно-правната комисија со кои се согласил претставникот на Владата и по него нема да водиме претрес.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амандман на член 23 став 1 точка 3, и за бришење на точка 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ристана Лалчевска, поднесе амандман на член 28 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 за додаваање нова алинеја 4 по алинеја 3 поднесен од пратениците Петар Апостолов и Нелко Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија господинот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам господине претседателе,

Колеги пратеници, претставници на Владата, овој амандман се однесува за намалување на надоместокот за лиценца на работа на оние диско клубови кои работат сезонски, односно на отворен простор. Тие се диско клубови кои работат во летниот период и обично се во помалите градови и се надвор од населените места. Овој амандман е предложен бидејќи со него би добиле и самите угостителски објекти, би добиле и младите, а би добила и општината бидејќи би можело да се плати лиценцата затоа што износот ќе биде намален, односно 60% од вредноста на основната лиценца. Значи, ако го разгледавме законот ќе видевме дека за кабаре има од до. Исто така, и за другите угостителски објекти има од до а само за диско клубови има фиксирана вредност од 7.500 евра. Знач да повторам, ова се однесува за диско клубовите кои би работеле само 5 месеци во годината и би плаќале вредност од 60% од основната лиценца.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не е прифатлив од следните причини.

Бидејќи овие вршители на дејноста, на угостителската дејност работат во сезона кога има најмногу гости и остваруваат најголем профит. Со прифаќање на овој амандман ќе нанесеме неправда кон другите кои што работат цела година. Затоа и не е прифатлив за Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете, господине Апостолов имате една минута како контра реплика.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Јас не би се сложил со заменик министерот, бидејќи овие би работеле околу три месеца и пред се се работи за диско клубови кои се на отворен простор. И пак ќе повторам, овде би изгубила општината бидејќи не би можеле да платат 7.500 евра, а што е најважно би изгубиле младите во малите населени места.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Почитувани пратеници, бидејќи има потпишано 56 пратеници, објавувам пауза од половина час.

(Пауза од 10,10 до 10,40 часот.)

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да гласаме по амандамнот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Десетте минути за обезбедување на кворум течат.

Седницата продолжи во 10,50 часот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Бидејќи претресот по амандманот беше заклучен, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, 12 гласале за амандманот, 2 воздржани, 45 против амандманот.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1 точка 3, и за бришење на точка 4, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам претседателе, амандманот е поднесен согласно предлогот во член 23 од Законот за угостителска дејност, дадени се категоризација на неколку објекти и нивното работно време и дадени се некои услови за работа на истите тие објекти во некои временски периоди. Така што дефинирано е работното време до 24,00 часот, но во периодите од 1 јуни до 31 авгјуст и од 25 декември до 15 февруари како  и на празниците, во очи празникот и на самиот ден на празникот, како  и во петок и сабота работното време трае до 1,00 часот. Тоа значи дека 235 дена во годината се работи до 1,00 часот, а 130 дена се работи до 12,00 часот. Мислам дека тоа е многу непрактично и не се остварува онаа идеја да речеме за контрола на излегувањето и за ред други работи што ги има Владата, или министерството во план и во своите замисли, мислам дека не ја остварува таа функција бидејќи 2/3 од годината се работи до 1,00 часот, а само 1/3 се работи до 12,00 часот. Мислам дека ќе биде многу попрактично и за угостителите кои ја вршат таа дејност, ќе биде многу попрактично и за инспекторите кои ја контролираат целата таа работа, ќе биде многу попрактично и за метаболизмот на луѓето да се навикнат на еден ритам и на јадење и на пиење. Така што мислам дека многу попрактично ќе биде доколку работното време нон стоп биде до 0,1 часот,  без оглед на тоа дали е петок, дали е сабота, дали е празник, дали не е празник. И мислам дека  многу поедноставно ќе се одвиваат работите. Од тие причини го предлагам овој амандман за унифицирање на работно време да биде до 0,1 часот без разлика на денот и без разлика на кој период од годината сме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Јас се јавив по однос на овој амандман поднесен од пратеникот Јани Макрадули, за поддршка, бидејќи незна кој е концептот на предлагачите на овој закон. Незнам зошто не беше прифатена таа формулација, тоа работно време да се продолжи за еден час каде што и самиот предлагач објасни. Меѓутоа, приликие кај младите луѓе се нешто сосема друго од она што е овде. Јас како што знам младите претрежно излегуваат во подоцнежните часови околу 10, 11 часот, така што ако им се додаде тоа време од еден час, мислам не би претставувало проблем. Предлагачите требаше добро да го разледаат ова и да го прифатат. Причините кои ги кажа и самиот предлагач, за мене ова е прифатливо и јас ќе го поддржам овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа поради причините што работното време е продолжено само во периодот кога се летните распусти, или во период на празници, или празнични денови. Од друга страна со Предлогот на законот се остава можноста на единиците на локалната самоуправа т.е. на Советот да одлучат за продолжување на работното време за еден час. Така што сметаме дека нема потреба од прифаќање на овој амандман.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Исти се и моите аргументи во однос на овој амандман. Од 1 јуни до 31 август има 92 дена, од 25 декември до 15 февруари има 51 ден, петок и сабота, празниците, во очи празникот и на самиот ден на празникот вкупно доаѓаат некаде 230 дена. Не се остварува онаа цел посебно што после тоа постојат и ноќни клубови, диско клубови каде што излегувањето ќе се продолжи и вистинската функција да речеме на некоја контрола нема смисла. Мислам дека унифицираноста ќе ја поедностави работата на сите чинители и на корисниците и оние што ги нудат услугите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата,

Либералната партија поднесе ваков закон со иста ваква содржина како што е дадениот амандман од господинот Макрадули. И ние во тоа време ги убедувавме колегите пратеници и македонската јавност знаејќи во какви услови се живее да им го продолжиме работното време на оние кои работат во кафичите од 12 до 01 часот по полноќ. Тогаш беше одбиена оваа наша иницијатива, односно законски проект со не аргументи за и против и тогаш имавме контра мислење. Мислам дека треба да се поддржи овој амандман, треба да им овозможиме на луѓето да работат, затоа што како што тргнавме ние како законодавен дом треба да им овозможиме услови на граѓаните да работат. Некој ќе каже, па дали тоа е главната поента дали државата ќе се фокусира на кафичите, дали тоа се главните приходи. Ако ние работиме како што сме тргнале, затвори овде, затвори онде, удри по социјалата, удри по овие, едно по едно мислам ние го намалуваме она што значи полнење на буџет и се доведуваме во функција едноставно го парализираме целиот систем, целата држава ја парализираме со услови кои што треба да ги овозможи Парламентот.

Од овие причини Либералната партија ќе го поддржи амандманот и ние ќе гласаме за продолжување на работното време на кафичите до 0,1 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не е прифатлив заради следното. Уште еднаш ќе нагласам дека Советот на општината, а во градот Скопје Советот на градот Скопје може да го продолжи работното време на угостителските објекти за еден час. Значи, тоа оставаме да одлучат локалните власти дали има потреба од такво нешто.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника. За гласале 23 пратеника, 4 воздржани, 35 против амандманот.

Констартирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници дозволете да ги поздравам на галерија гостите, тоа се учесници на семинарот Македонија на нејзиниот пат до Европската Унија, позиционирање. Учесниците се гости од Сојузна Република Германија како и од Република Македонија.

(Аплауз)

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1 точка 4, поднесен од пратениците Петар Апостолов и Нелко Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам господине претседател, колеги пратеници,

Ако мојот прв амандман заедно со колегата Стојановски, не беше прифатен кој беше од суштински карактер, овој амандман е од практична рирода. Имено, предлагаме работното време во угостителските објекти за исхрана од 0,3 часот да биде продолжно до 0,5 часот за време на новогодишните празници. Зошто до 05 а не до 06 часот, затоа што сметаме дека ноќните барови, кабарето и диско клубовите плаќаат лиценца и тие треба да работат до 0,6 часот. Ова го предлагаме бидејќи сметаме дека за новогодишните празници не е популарно ниту пак е потребно инспекција или полиција да интервенира во 0,3 часот. И сметаме дека овој амандман што ние го предлагаме ќе биде реална примена на законот. Инаку во спротивно ќе стои 0,3 часот, а практично ќе се применува до 0,5 односно 0,6 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

РАКИП ДОЧИ:

Во предложениот амандман пратеникот зборува за член 23 став 1 точка 4, каде што се работи за угостителски објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги во деновите петок и сабота. Значи зборува за сите угостителски објекти без оглед на видот на услугите, а не за угостителските објекти кои што се задолжени да плаќаат лиценца за обавување на должноста. Заради тоа

не сакајќи да ги ставиме во нерамноправна положба тие кои што за вршење на дејноста се должни да плаќаат лиценца со тие кои што таа обврска не ја имаат согласно Законот, не го прифаќаме амандманот.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Највероајтно ние со заменикот министер не зборуваме за ист закон и за ист амандман. Јас зборувам за амандман поднесе на точка 4 во кој угостителските објекти за исхрана имаат работно време, да не го читам целиот текст, а само за време на новогодишните празници ќе се продолжи од 03 до 05 часот. Зборувам за практична примена на Законот. Не е  популарно полилција или инспекција во 0,3 часот во највеселата ноќ да доаѓа да затвара угостителски објекти. Мислам дека со заменик министерот неможеме да се разбереме. Ова е практична примена на законот. Ние ќе го изгласаме законот, а неможеме да го применуваме со тие полициски или инспекциски мерки.

РАКИП ДОЧИ:

Станува збор за поместување на работното време кое што ќе се разликува само за еден час од работното време на угостителските објекти кои што плаќаат лиценци за вршење на дејноста. Значи, во овој контекс ние на луѓето на кои што им земаме пари да ја вршат дејноста, ги изедначуваме со оние за кои што тоа го обавуваат без плаќање на лиценци. Во тоа е суштината што овој амандман за нас е неприфатлив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас знам дека за ист амандман зборувате, само различни ви се појдовните анализи.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Само уште два збора. Незнам која инспекција и кој полициски орган во 0,3 часот ќе оди да затвори угостителски објект за време на Нова Година каде што во тој објект се слави и е полн со луѓе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, 25 пратеници гласале за амандманот, 4 воздржани 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Не се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, молам дали некој бара збор.

Има збор г-ѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам, г-дине претседател.

Барем да слушнев од претставникот на Владата зошто не го прифаќа амандманот.

Амандманот е многу практичен, затоа што во членот 6 од Предлогот на Законот се определени условите кои угостителскиот објект треба да ги исполни за да ја врши дејноста. Меѓу другите имаме дел кој се однесува на заштита и унапредување на животната средина и услови за заштита од бучава кои се пропишани со Закон.

Во членот 28 се предвидени членовите на Комисијата за категоризација и притоа се опфатени сите оние министерства кои треба да задоволат одредени услови угостителските објекти за да можат да работат, па сосема е логично во таа комисија за категоризација покрај членовите што се наведени да има член од Министерството за заштита и унапредување на животната средина, затоа што еден многу важен елемент е заштитата на граѓаните од бучава, а угостителските објекти барем во поголем број создаваат прекумерна бучава. Мислам дека е потребен претставник во Комисијата за категоризација, бидејќи угостителските објекти кои не ги исполнуваат условите за заштита од бучава, како и сите други услови за заштита на жовековата и животна средина не би требало да добие дозвола за работа и не би требало да биде категоризирана. Јас ценам дека согласно условите кои се пропишани во членот 6 сосема е логично да има претставник од ова Министерство во Комисијата за категоризација на угостителските објекти, кој е најсоодветен да

даде свое видување во делот на заштитата на човековата средина и во делот на заштита од бучава. Преставникот од Владата мора да признае дека најголемите поплаќи од граѓаните по однос на угостителските објекти стигнуваат токму од бучавата која ја прават угостителските објекти а особено оние кои се сместени во самите колективни згради или во непосредна близина на зградите кои се користат за домување на граѓаните. Многу често имаме интервенции од ваков вид за намалување на бучавата која ја произведуваат овие угостителски објекти и сосема е оправдано во Комисијата за категоризација да има претставник и од овој ресор како би дал свое видување при категоризирањето на објектите и како би дал свој допринос.

Исто така, тренд во Европа е заштита на човековата средина, а угостителските објекти исфрлаат голем отпад, загадуваат, барем оние кои не се почитувачи на законската регулатива и го исфрлаат отпадот на несоодветни места, несоодветно складирање. Мислам дека треба да се води грижа во вооj дел, затоа што уште еднаш потврдувам и тоа како е потребно од ова министерство да има член во Комисијата за категоризација кој што ќе даде допринос во овој дел како би можеле да го фатиме чекорот со Европа и тоа како работат нивните угостителски објекти и како се грижат за животната средина и како се грижат пред се заштита на граѓаните од бучава.

РАКИП ДОЧИ:

Прво, што се однесува до условите предвидедни со членот 6 точно е дека тука се условите врзани со заштита на животната средина и природата. Меѓутоа, точно е и тоа дека тука е вклучено и Министерството за внатрешни работи меѓутоа не е предвидениот да има свој член во Комисијата.

Против пожарна заштита исто така е предвидена со условите, така да не држи оправдувањето дека треба да има член во таа Комисија.

Второ, нелогично е Комисија која што ќе врши категоризација на објекти да има шест члена, парен број и затоа е предложено број 5 на членови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Лалчевска, имате една минута.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Г-дине претставник на Владата ако одиме по тоа дека е нелогично една Комисија да има парен број, тогаш уште е понелогично да немаме во една Комисија претставник кој ќе се движи за условите и законските предвидените рамки за

зачувување на условите во животната средина и заштита на граѓаните од продуцирање на повисока бучава. Граѓаните нас секојдневно ни се атакувани од непочитувачите на законот што се однесува на заштита на човековата средина и ни се атакувани од создавање на премногу голема бучава.

Јас мислам дека претставник од ова Министерство и тоа како е потребен за да секогаш навремено и благовремено утврди дали таквиот угостителски објект ќе ги почитува праивлата и законските прописи во оваа област и ќе работи во согласност со зачувување на сите прописи кои се однесуваат на зачувување  на човековата средина или ќе ни биде потребен кога ќе извршиме атак на граѓаните и на животната средина, да бараме заштита. Јас мислам дека подобро е превентивно да делуваме, а по однос на Министерството за внатрешни работи сигурно на повеќе доаѓа претставник од тоа министерство, не е потребен негов член.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи вие прв пат г-дине заменик во Собранието да браните, повелете имате збор.

РАКИП ДОЧИ:

Јас се извинувам меѓутоа, не може да отпочне со работа субјектот ако не ги исполни условите за кои зборува г-ѓата пратеник.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Точно така, не ќе може да започне објектот да работи ако не ги исполнува условите и нема да добие дозвола, меѓутоа кажете ми кој ќе биде надлежен и стручен во оваа сфера да го каже своето мислење. Веројатно нема да биде некој од друг ресор, на пример од ресорот економија и финансии за работи за кои е надлежно Министерството за заштита на човековата средина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници од кои 15 за, воздржани 2 и 49 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пред да поминеме да претрес по текстот на предлогот на законот ве известувам дека Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 76, член 77 став 1, член 78, член 80, член 81 и на член 82 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Ќе причекаме пет минути службите за да ги поделат амандманите, за да можеме да отвориме расправа и по тој дел од текстот на законот.

Ги молам службите да ги поделат амандманите од Владата.

(Службите ги делат амандманите од Владата)

Бидејќи ви се поделени амандманите од Владата продолжуваме со претрес по предлог на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор г-динот Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам г-дине претседателе, колеги пратеници и претставници на Владата,

Ќе бидам конкретен и тоа ќе зборувам навистина само по текстот на предлогот на законот.

За член 5 нема да дискутирам бидејќи веќе е прифатено, тоа беше исти амандман со колегата Стојановски, и Законодавно правната комисија, која го поднесе.

Во предлогот за донесување на Законот за угостителска дејност во член 13 беше прецизирано што значи сезонско работење на угостителски објекти. Сегашното изоставување на една од двете пропусти според мене во овој закон е тоа што овде сезонското работење се поистоветува со работење на диско клубови на отворен простор. Се разбира тие работат сезонски, не постои во зима диско клуб, што работи на отворено.

Во член 19 од Предлогот за донесување на законот, во член 20 изоставени беа слаткарниците и бурекџилниците, и за мене сосема оправдано, бидејќи тие влегуваат во една друга област односно во дејност, а тоа е занаетчистовото каде што и работното време е различно од работното време на угостителските објекти.

Една од најважните суштински промени во член 21 каде што висината на надоместокот за добивање лиценца го определува Советот на општината односно локална самоуправа, или советот на Град Скопје, при што 50% се отплатува на жиро

сметка на општината, односно град Скопје а остнатите 50% се уплаќаат во Буџетот на Република Македонија.

Само за потсетување, висината на лиценцата за кабаре е 2500 до 5000 евра, за ноќен бар од 4000 до 8000 евра, и диско клуб 7500 евра, се разбира во денарска противвредност.

Пондесувањето на амандманот за намалување за тн., сезонски диско клубови што би одговарале и на диско клубовите на отворен простор е тоа што во вредноста на лиценцата нема од - до, туку е фиксно и затоа дотичната општина не може да интервенира во одредување на висината на лиценцата. Според тоа можеме да кажеме дека општините ќе бидат и тоа како заинтересирани да ги уплатат лиценците за овие угостителски објекти, бидејќи работат на диво, или не работат на диво, бидејќи 50% од нив ќе одат во општината односно ќе бидат извор на приходи на самата општина.

Исто така новина е што Советот на општината односно Советот на Град Скопје, ќе може да го продолжи работното време на угостителските објекти за еден час. Тоа е регулирано во член 23.

За мене е интересен члернот 36 став 2, каде што угостителот е должен во угостителските објекти да обезбеди посебен простор означен за пушачи, со уреден натпис. Време беше и во нашата законска регулатива тоа да се вметне, дали ќе се примени ќе видиме, но во светот постојат угостителски објекти каде пушењето е забрането, но сметам дека во овој момент сме доста далеку од тој закон.

Затоа на крај сметам дека овој предлог на закон за угостителската дејност солидно е подготвен и целта е одделни надлежности да се пренесат на локална самоуправа, што е остварена.

Пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи овој предлог и ќе гласа позитивно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Заев, а нека се подготви пратеникот Коста Прешоски.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Би сакал накратко да го кажам моето мислење за законот за угостителска дејност. Немав намера да дискутирам по овој закон, но заклучив едноставно некои работи кои што се внесени како новини во овој закон мора да се исполат поради тоа

што премногу граѓани беа заинтересирани за новините во Законто, на кој што ќе се навратам покасно во мојата дискусија.

Имено, се работи за нов закон за угостителската дејност која свера од економијата досега беше регулирана со Законто од 1995 година за угостителска и туристичка дејност. Сега предлагачот односно Владата како предлагач посебно со закон ја регулира угостителската дејност и посебно со закон ја регулира туристичката дејност што самото по себе значи сериозност во правото на нормирање на овие две значајни економски гранки во Република Македонија.

Најпрво генерално би кажал дека со донесувањето на овој закон ќе се придонесе за зголемувањето на квалитетот на угостителските услуги и квалитетот на самата угостителска дејност односно ќе се создадат услови за регулирање на начин и видовите на давање на угостителските услуги, а со тоа можеме и реално да очекуваме да се создадат можности за поедноставна и поефикасна примена на законот од страна на првните и физичките субјекти.

За запознавање на јавноста и заинтересираните би сакал да наведам дел од позитивните новини кои се внесени во текстот на овој Закон, а се внесени во Законот со барање на граѓаните пред се на младата популација и на барање на угостителското здружение на правните субјекти кои се занимаваат со оваа дејност. Со тоа ја поздравувам решеноста на Владата и ресорното министерство законите да ги приближи се повеќе до граѓаните со што би очекувале и определена применливост во праксата на истите.

Прво, како млад пратеник би го поздравил решението на Владата во текстот на овој закон кој се однесува на регулирање на работното врем во зависност од угостителски субјект посебно, во зависност од угостителската услуга која ја нуди. Барањето на младата популација беше, а и сите ја почувствувавме реакцијата на младите за прераното затворање на ноќните барови и дискотеки, односно реакцијата беше дека треба да се зголеми работното време на објектите за забава на младите. Со овој закон на ова барање е излезено во пресрет и со неготово донесување работното време на кабареата и ноќните барови и дискотеките е зголемено до 5 часот наутро во летниот период ив о празниците и до 6 часот наутро за нова година.

Второ, значајна новина во овој закон кој што треба да се спомне е удоволеното барање на угостителските здруженија и сопствениците на угостителските објекти за правичен третман при лиценцирањето однсоно

издавањето на дозволи за првичен третман при лиценцирањето односно на издавањето на дозволи за работа на угостителските објекти.

Имено, досега за лиценца за ноќен бар и кабаре исто плаќаше сопственик на објект во центарот на Скопје, и пример во едно од струмичките села. Во сегашниот закон тоа е решено на добар и правичен начин односно со донесување на овој закон за лиценца, за кабаре ќе се плаќа 2500 до 5000 евра, а за ноќен бар од 4 илјади до 8 илјади евра во денарска противвредност во зависност од локацијата на објектот и од можноста за профитирање на поедини локали.

Со тоа се овозможува и правична примена на законот и стимулација за отварање на угостителски објекти и во подалечните места на економските центри во Државата.

Посебно што треба да се нагласи за овој закон, бидејки сепак се работи за закон од пакетот закони за децентрализација, е тоа што треба да се потенцираат кои се тие ингиренции кои со овој закон преминуваат од надлежност на централната во надлежност на локалната власт.

Ќе спомнам некои од поважните според мене, а кои што овој закон ги опфаќа. 50% од приходите остварени од издавање на лиоценца за угостителските објекти ќе се влеваат во општинските буџети, значајни средства, кои можат да се искористат за развој на угостителската дејност во секоја општина.

Исполнувањето на условите за отпочнување на угостителската дејност, секој угостител е должен да го пријави на градоначалникот на општината, кој од своја страна е должен да води евиденција на угостителите кои отпочнуваат со работа на своето подрачје, односно општината.

Градоначалникот на општината може да издава одобрение за угостителската дејност која може да се врши надвор од деловниот објект, на простор наменет и опремен за давање угостителски услуги, како што се тераси и летни бавчи и со тоа да се остварат дополнителни приходи за општината.

Советот на општината со одлука може да одлучи да го продолжи работното време на угостителските објекти за еден час, значи ги опфаќа и сите објекти меѓу кои и кафаните за кои што претходно беше зборувано.

Градоначалникот на општината и посебно Советот на општината со свој акт можат да определат отворен простор, земјиште, чија намена би била за давање на

определени угостителски услуги, со што повторно би се овозможиле приходи на општината и т.н.

Да не должам многу, на крајот би рекол дека се работи за закон целосно конструиран за полесна и поефикасна примена на една значајна економска област, закон кој што е во функција на процесот на децентрализација, закон за кој што мислам дека никој од нас не треба ни малку да се двоуми, туку безрезервно да го поджи. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Понудениот текст на предлогот на законот за угостителската дејност, по мое мислење во целот ги содржи причините за донесување на законот. Основнит еначела врз кој тој се заснова е целта која што сака да се постигне со овој закон. Во осова во него се вградени предлозите и забелешките што беа дадени при разгледувањето на Предлогот за донесување на овој закон.

Со овој закон за угостителската дејност по мое убедување многу работи од оваа сфера се регулирани , средени и допрецизирани, т.е., направени се навистина квалитативни измени и дополнувања на одредби, со кои се уредува оваа дејност, а занемарени со претходниот и сеуште актуелен Закон за угостителската и туристичка дејност.

Со законот има цел да се изврши усогалсвување со директивите на Европската унија, која се однесува на исполнувањето на условите во однос на квалитетот на угостителските услуги, при тоа водејки сметка на нашите традиции и интереси.

Со овој закон се регулира и давањето на услуги и работното време на угостителските објекти исто така, огромни надлежности од оваа сфера се пренесвуаат од централно на општинско ниво, се со цел поедноставување на решението на угостителската дејност.

Во мојата понатамошна дискусија ќе се задржам на содржината на текстот на законот. Во општите одредби се дефинира поимот угостителска дејност, а во член 4 кој може да ја врши истата.

Исто така, во овој дел со посебна одредба се регулира што се подразбира под угостителски услуги. Ќе се задржам во делот на услови за вршење на дејноста.

За вршење на угостителската дејност мора да бидат исполнети минимални технички услови, потоа санитарно здравствени услуги, услови за заштита при работа и т.н.

Останатите угостителски објекти од типот на ноќен бар, кабаре и слично, покрај другото треба да имаат и согласност од органот на државната управа, надлежен за работите од областа на внатрешни работи за исполнување на условите за заштита на јавниот ред и мир и безбедност во сообраќајот.

Минимално техничките услови на објектите за вршење на угостителската дејност и условите за категоризација ги потпишува соодветниот минситер. А решенијата за исполнување на истите ги издава директорот на Државниот пазарен испекторат. Тоа е регулирано со членовите од 6 до 10.

Во понатамошниот текст на законот се регулира дека угостителската дејност се врши во објекти и простории уредени и опремени за давање на такви услуги, со можност, тоа да се врши во објекти каде што се врши и друга дејност, доколку се исполнети условите за вршење на угостителска дејност и дека оваа дејност може да се врши и надвор од деловниот објект, односно во простор уреден и опремен за давање на угостителски објекти, како тераси, летни бавчи и т.н., врз основа на одобрение од градоначалникот.

Треба да се истакне и потенцира дека за вршење на угостителска дејнсот во објектите за исхрана, ресторани, барови, кантини и друго, мора да има вработено лице со најмалку средно образование од областа на угостителството, како еден од предусловите за квалитет во нудењето на угостителските услуги. Тоа е регулирано со член 12 став 6 и со член 19 од законот. Додека со член 13 став 1 угостителот е должен за послужување и продажба на вино, алкохол и алкохолни напивки да има лиценца истакната на видно место. Лиценцата по барање на угостиелот ја издава министерот кој раководи со органот на Државната управа надлежен за работи од областа на угостителството.

Со членовите 16, до 22 се дефинирани називите и видовите на угостителски објекти и притоа називот на угостителските објекти се определува според видот на услугите што претежно се даваат во тој објект. Во овој дел е регулирана и работата на ноќен бар, кабаре, диско клуб и диско клуб на отворено, чија дејност се врши врз основа на лиценца, за чие добивање угостителот е должен да плати надоместок во даден паричен интервал. Добро е што висината на тој надоместок ја определува

Советот на општината и притоа, 50% се уплатува на сметката на општината, а 50% се уплатува во Буџетот на Република Македонија.

Со членовите од 23 до 26 се регулира работното време на угостителските објекти истакнато на видно место во објектот, што предизвика во јавната расправа посебен интерес, како на давателите, така и на корисниците на услуги.

Предлогот на работното време е понудено со Законот по мое мислење е прифатлив за сите видови на угостителски објекти. Можеби предлагачот требаше да го прифати амандманот на пратеникот Јани Макрадули и тоа првиот дел што се однесува за работа на угостителските објекти за исхрана од 7 до 1 часот наредниот ден член 23 точка 3 и амандман на пратениците Петар Апостолов и Нелко Стојановски, што се однесуваа на работата на угостителските објекти за исхрана на 31 декември и 1 и 2 јануари, да се овозможи да работат до 05 часот наредниот ден, член 23 точка 4. Мислам дека не е упатно една традиција во прославата на Нова Година да се ограничи. Прифатливо е тоа што предалгачот е предвидено со законот и можноста угостителот да го определува работното време согласно законот, според своите делвони интереси и традиции, т.е., да ја прилагоди својата дејност према потребите на корисниците на услуги.

Угостителските објекти за сместување и за исхрана со законот задолжително се категоризираат според посебни услови и стандарди во поглед на уредувањето, опремувањето и квалитетот на услугите. Се категоризираат и куќите, становите и собите за издавање од страна на физички лица, како и селските домаќинства.

Категоризацијата на угостителските објекти ја врши комисија формирана од минситерот и за извршената категоризација донесува решение, а угостителот е должен на видно место на влезот во угостителскиот објект да ја истакне пропишаната ознака на видот и категоријата на објектот. Со законот е предвидено и да се води регистар за таквите угостителски објекти. Должност е на угостителот во угостителскиот објекти да обезбеди простор означен за пушачи со уреден натпис. Потоа, на видно место да истакне натпис за забрана за послужување на алкохолни пијалоци на лица од 18 години. Ова е регулирано со членовите од 36 до 38.

Исто така, со овој закон во угостителските објекти е забрането послужување на алкохолни пијалоци од 7 до 10 часот наутро.

Со делот 5 давање други угостителски услуги од физички лица се определуваат дејностите од мал обем во областа на угостителството. Ќе се задржам со свој коментар во делот давање на угостителски услуги во куќи, апартмани и соби

за одмор. Посебно на членот 48. Цитирам: “физичко лице ги издава собите, апартманите, куќите  и становите за одмор преку туристичка агенција и туристичко биро, врз основа на договор”. Се прашувам зошто толку крута одредба.  Дали не можеше во овој дел ова прашање да се реши и малку по либерално, односно да се дадеше можност самото физичко лице да си најде своја клиентела која директно ќе контактира, ако е задоволен од неговите услуги, а се во согласност со спомнатите одредби од законот, во смисла на истакнување на цените на услугите, издавање сметка за издадена услуга, водење на евиденција на гостите и друго. А тука е и надзорот преку овластените инспектори за спроведување на одредбите од законот. Мора да се истакне дека добар е предлогот на видно место во угостителските објекти да се истакне телефонскиот број на државниот пазарен иснспекторат.

Со член 53 се регулира угостителската услуга во селските домаќинства. Мора да се истакне дека предлагачот со овој член се обиде да опфати се што значи селски туризам. Со делови од нашите традиции, ако сакате фолклор и елементи од етно туризам во давањето на услуги и тоа издавање на соби и апартмани во селкси амбиент. Подготвување и послужување на топли и ладни јадења , пијалоци и напитоци од сопствено производство, служење на храна од домашно производство. Можност на лицата кои претстојуваат во селските домаќинства да подготвуваат самите јадења, пијалоци, напитоци за свои потреби.

Со законот е даден и надзорот, со тоа што се определува дека истиот го врши органот на Државната управа, надлежен за работите од областа на угостителството. Инспекцискиот надзор го врши Државниот пазарен инспекторат, како и овлстен инспектор на општината.

Почитувани пратеници, разгледувајки го овој закон во дилема сум дали најдоброто и најсреќното решение на градоначалникот со овој закон да му се даде такви овластувања  и таков голем број на обврски и се прашувам дали не постоеше некое друго решение. Па верувајте, идниот градоначалник, само за спроведување на овој закон, не ќе може глава да крене.

Си давам за право за да констатирам дека законот ќе придонесе кон подобрување на јавниот морал и етика на однесување на посетителите во угостителско туристичките објекти и колку толку ќе се воспостави ред во ноќниот живот.

Исто така, според предложената категоризација на угостителските објекти според возраста на посетителите и според услугите што се нудат во тие објекти ќе

се регулира и начинот на посета на ноќните локали од страна на малолетниците и младите, т.е. ќе се ублажат проблемите со насилството меѓу младите. Ќе се почитува обврската во вршителите на угостителска дејност да издаваат фискални сметки и да поседуваат документи за набавените производи.

На крајот да истакнам дека овој закон е разбирлив и применлив во праксата.

Од тие причини, ќе го пдоржам и ќе гласам за него. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Прешоски.

Повелете г. Трајановски, а потоа нека се подготви пратеникот Иван Анастасовски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г. претседателе, значи јас би сакал да кажам неколку збора во врска со овој закон.

Имено, сакам да потенцирам дека ние како пратеничка група овој закон го подржавме во првата фаза, значи сметам дека ќе го подржиме и во фтората фаза. Мислам дека се прави обид да се регулира  оваа област, но јас ќе кажам за некои недоречености во законот и она што сметам дека и понатаму ќе остане проблем.

Имено, и понтаму останува проблем на кафе-баровие, ресторатните и баровите кои што се на приземјето на колективните станбени згради, согласно на член 23, таму работното време е од 7 до 24 часот, во петок и сабота и од 1 јуни до 31 август е до 1 часот, додека на Нова Година, тоа е специјален случај до 3 часот. Значи над овие објекти, над овие кафе-барови, ресторани и кафејани  има семејства кои што живеат и ако ова работно време е до 1 часот после полноќ, а во последниот став вели дека Советот на општината на Градот Скопје може да го продолжи работното време на  угостителскиот објект за еден час, значи може да биде и 2 часот и ако таму има и мали деца кои што живеат,навистина, доколку има и музика согласно лиценцата што ќе ја добијат, дали ќе можат тие домаќинства да имаат мирен живот. Значи тој проблем останува, бидејки сметам дека и при проектирањето на зградите, кога се проектирани долниот делостанува за деловни објекти, меѓу кои и угостителски објекти и затоа ако од една страна е добро што се пружа можност на овие угостителски објекти да работат подолго работно време значи од аспект на семејствата кои што живеат во колективните станбени згради, доколку под нив има угостителски објекти, мислам дека на овој начин ќе се создаде проблем.

Исто така кај мене останува дилемата, а ова е прашање до претставникот на Владата, имено во членот 21, она што се однесува за добивање на лиценци процентот од 50% кој се уплатува на сметка на општината, вели дека во Градот Скопје на сметката на Градот Скопје. Дали тоа значи дека општините на Градот Скопје, кои што се сега,  бидејки Градот Скопје има посебен статус, дали тие ќе добиваат дел од овие средства, или сите 50% од ова што се издвојува ќе оди само на Градот Скопје.

Сметам дека не би било добро, доколку  средствата ги добива само Градот Скопје, туку ако овие 50% треба да отидат на локалната самоуправа, или на единиците на локалната самоуправа кои што и Градот Скопје и општините во Градот Скопје се општини или единици на локална самоуправа, би требало да има некој соодност кој што овие средства ќе бидат поделени меѓу општините и Градот Скопје. Значи туа мислам дека  не е до крај дефинирано и би сакал доколку може претставникот на Владата да ни објасни, доколку не мислам дека понатаму ќе се судрат со овој проблем. Инаку, јас би поздравил тоа што сега тука се даваат одредени надлежности и на општините, значи се вклучуваат во овој процес во некој дел и на одлучување, меѓутоа во делот на информирање за тоа дека се отвара одреден угостителски објект на територијата на општината во која што е Советот и градоначалникот на таа единица на локална самоуправа во некој случај им се дава и можност како што е кажано во членот 23 за продолжување на работното време, меѓутоа, добро е тука што е комисијата која ќе ја следи работата и ќе ја оценува работата на Советот и на градоначалникот, да не биде ова злоупотребено во одредени случаи.  Благодарам.

ЉУПЧО ЈРОДАНОВСКИ:

Повелете г. Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам  почитуван претседателе, колеги пратеници, претставници на Владата,

Најпрвин да му честитам на заменикот министер, бидјеки добро се снаоѓа за прв пат по однос на правење на овој закон, бидејки вие така рековте почитуван претседателе, добро му оди на заменикот, можеби подобро и од минситерот, меѓутоа, јас сакам да кажам по однос на текстот на законот бидејки кај мене произнесе интерес амандманската расправа, требаше претставниците да имаат малку поголем сенс за амандманот кој беше поднесен од пратеникот Јани

Макрадули и да дозволат уште час време младите да се забавуваат по кафитериите и ресторантите, меѓутоа, тоа е што е

Би сакал да кажам најпрвин за членот 21. Тоа беше подискутирано од пратеникот Апостолов, ако не се лажам, каде што е одредена висината од до на надоместокот кој треба да се плаќа за добивање на лиценца и тука во делот за диско-клубот кај мене се јавува една дилема и би сакал ако може и тоа да се разграничи овде со претставниците, бидејки овдека цената е фиксна во евра, а во другите  за кабарето и за ноќниот бар е со некој лимит од до, некоја скала, а потоа се остава висината, што е добро за мене, да ја одреди Советот на општините  и на Градот Скопје, што всушност претставува, како што рече и колегата Коце Трајановски префрлување на ингеренциите на градоначалникот и на Советот на општините. Значи јас ја гледам оваа ситуација ваква. Во Република Македонија има одредени градови кои едноставно, живеат од оваа угостителска дејност. Бидејки ако не се лажам досега  туристичка угостителска дејност беа заедно во еден закон и сега се прави еден голем исчекор напред, овие два закони се двојат и секој си ја регулира својата материја што е за поздравување. И она јас штоуспеав да го видам е доста квалитетно направено во овој закон, без разлика на некои критики или укажувања кои ќе дојдат од страна на пратениците. Значи, одредени места како што реков Охрид, Струга, Дојран, Маврово или Крушево еве дискутираше колегата од Крушево, едноставно, основната дејност им е угостителството. Од тоа ги собираат своите приходи. Јас ако не се лажам и во првата фаза колешката од Охрид зборуваше во однос на тоа во Охрид да биде регулирано со посебен закон, бидејки таму се знае луѓето одат три месеци на одмор и едноставно одиме да има одмор, забава или рекреација. Така да таа варијанта треба да се разгледа. Мислам дека не е исто ако луѓето во Пехчево или во Берово им се затворат дискотеките или ноќните клубови до 8 или до 9 часот и во Охрид. Значи да се напраив таа паралела и разлика, зошто тогаш е оставено фиксно овде диско-клубовите да имаат во евра  од 7 ипол илјади евра надоместок за лиценца.

Го почитувам членот 36 од Законот, каде што е усогласено со Законот за заштита од пушењето, што беше донесен пред извесно време овде во Собранието, угостителските објекти да одредат свои места, каде што ќе се обезбеди простор запушачите. Тоа, навистина, постои секаде и во развиените држави. Значи, јас не би сакал, реков дека е доста квалитетно е изготвен овој законски проект, би сакал само

објаснување прецизно за тоа зошто конкретно во диско клубовите е фиксирана цената на надоместокот за лиценца.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господин претседателе,

Би сакал да кажам неколку збора, за ова истото говоревме и на Комисијата за економија, мислев дека предлагачот има малку сенс и некои од забелешките беа дадени на таа Комисија дека ќе бидат прифатени, но за жал останаа доста работи само предложени, а без решение.

Беше поставено праШање за членот 7, би преминал директно на текстот на законот, членот 7 став 1, каде што се говори, директорот на Државниот пазарен инспекторат врз основа на барање на угостителот, издава решение дека се исполнети минимално техничките услови. Од една страна говориме за децентрализација на власта и говориме за поголема самостојност на единиците на локална самоуправа, но со овој член, кој што вие го носите со законот, се случува обратно. Досега овие уверенија за минимално технички услови или дозволи за работа на овие угостителски објекти ги издаваше Министерството за економија, подрачните единици во сите поголеми градови. Сега, доаѓаме дека тоа ќе биде Државниот инспекторат и со тоа наместо да децентрализираме, ние централизираме, во случајот повеќе од сигурно.

Понатаму, беше побарано во членот 12 став 3 каде што е определено и се кажува “угостителската дејност може да се врши и надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги, тераси и летни бавчи, врз основа на одобрението издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје и од градоначалникот на градот Скопје”. Значи, за што се работи. Мислам дека овде мораме да бидеме попрецизни да се дефинира сето ова, затоа што очигледно е дека овие тераси и летни бавчи веќе во многу градови во Република Македонија преминуваат на тротоарите и се загрозува веќе и безбедноста на пешаците и на оние кои што се движат низ градот, со тоа што секој угостител гледа да добие што поголем простор. Мислам дека просторот треба да биде дефиниран и да се каже во кои мерки може сето тоа да се одвива, затоа што веќе во членот 69 став 4 стои казна токму поради непридржување на овој член од 50

до 120 илјади денари. Ако ние оставиме секој да го толкува како што мисли дека треба да биде, мислам дека ќе дојдеме во една ситуација, едноставно ќе носи до забуна и не ќе можат луѓето да бидат казнети за нешто што мислат дека се во право.

Во однос на тоа што и претходните колеги кажаа, во однос на пушењето, мислам дека, гледајќи после оној закон што го донесовме и во Собранието како ние како пратеници тука се придржуваме во овој законодавен дом, мислам дека од ова нема да биде ништо, освен тоа што ќе може во секое време било кој инспектор да го казни сопственикот на угостителскиот објект дека нема обезбедено простор за пушење. Гледајќи што се се случува, едноставно во тој чад можеби не ќе можети ни сопственикот да го најдете во угостителскиот објект, а не да обезбеди простор за пушење. Мислам дека законите се донесуваат и важат само тогаш кога се применуваат. На ваков начин како што сега функционираме, мислам дека многу тешко ќе може сето ова да продолжи.

Понатаму, беше поставено прашањето за членот 20. Во жленот 20 се кажува дека министерот е тој што ги пропишува, посебно мислам дека беше став 3, министерот кој раководи со органот на Државната управа надлежен за работите од областата на угостителството, ги пропишува формата и содржината на образецот на лиценцата, како и начинот на издавањето и одземањето на лиценцата. Беше поставено едно практично прашање кое доаѓа во членот 21, каде што за добивање на лиценца од член 20 став 1 на овој закон, угостителот е должен да плати надоместок за давање на услуги и тоа за кабаре во денарска противвредност со 2.500 до 5000 илјади евра, за ноќен бар од 4 до 8 илјади евра и за диско клуб, како што кажаа и моите колеги, фиксна цена од 7500 илјади евра.

За поздравување е тоа што еве 50% од овие средства остануваат во општините. Но и тогаш на прашањето и сега законски не е интервенирано да кажеме што, пошто во членот 22 кажувате лиценцата од член 20 на овој закон важи за период од една година. Лиценцата не може да се пренесува. Што се случува со оние што платиле што добиле лиценца, а воопшто не можат да почнат да работат како ноќен бар, како диско клуб или кабаре. Во моментот во Република Македонија мислам дека сите сме свесни што се случува. Ги гледаме големите рации на МВР, пронаоѓање на голем број илегални вработени во овие кабариња или ноќни клубови, колку од овие ноќни клубови имаат платено за да ја обавуваат таа должност, мислам дека вие знаете малку подобро од мене како Министерство за економија. Ако сакаме да ги поставиме работите во ред, ние треба токму тоа да го регулираме. Значи, во

овој закон апсолутно не стои што со она ако тој што го има ноќниот клуб, бар или кабарето го платил, добил дозвола, ги добил истите потребни документи и плус има лиценца потпишана од министерот, едноставно не може да почне со работа, затоа што некои други закони, како што се привремен престој, не давање дозвола за работа и други работи, едноставно го спречуваат да го заврши она за што тој веќе има платено. Дека, како закон, говорејќи и господата од позицијата дека сето ова изгледа добро и дека треба да функционира добро, проблемот е како што кажавме за секој закон да биде применлив. Ако пред вас, еве една папка која што е со овие потребни документи и некој да пријави и да почне да работи како ноќен бар, мислам дека сите овие документи откога ќе бидат извадени и кога ќе добие лиценца и ако не може да работи, едноставно се поставува прашањето што после тоа. Дали Министерството ќе си дозволи да ги врати парите, да ја продолжи важноста на лиценцата за наредната година или откога ќе може да почне да работи да биде дадена. Во оваа ситуација јас апсолутно не гледам никакво решение кое што е понудено. А, за да ги добиете овие документи претходно треба да добиете потврда од Бирото за вработување дека такви луѓе не се пријавени во Бирото, минимално технички услови, бучавост, заштита на животна средина, противпожарна заштита, оспособување на личности за противпожарна заштита за која што можат да го работат сето тоа, па од МВР треба да имате дозвола за безбедност, па за незагрозување на сообраќајот од Републичкиот санитерен инспекторат, елаборат за сето ова како да функционира. Значи, сето ова извадено, плус платени пари, едноставно не може да профункционира. Но, некаде очигледно е дека на илегален начин функционира, тоа ни го кажуваат големите акции на МВР и нон стоп кажување дека во одредени објекти се пронајдени нерегистрирани луѓе кои работат во вакви ноќни клубови, кабариња, дискоклубови и не знам што уште не.

Понатаму, во членот 23, став 2 каде што кажуваме за продолжување на работното време, јас би го прашал заменикот министер ако може да ми одговори, Советот на општината, а за градот Скопје, советот на градот Скопје, тоа е последниот став, може да го продолжи работното време на угостителските објекти за еден час. Сега, прашање е, дали тоа може на барање на угостителите за продолжување на работното време или таа би била некоја одредба која што ќе важи за сите угостителски објекти. Мислам дека тоа е прашање, како што е вака презентирано во законот, може да важи за сите, а може да важи и за оние кои ќе побараат да го имаат тоа.

Би сакал да кажам уште збор два за жлено 41 каде што се дефинира на некој нов начин конфекционирани угостителски услуги кои што можат да се даваат во подвижни објекти, значи објекти на сопствен погон или влечни доколку ги исполнуваат минимално технижките услови и другите услови пропишани со закон.

Би се задржал на овие два става што доаѓаат после тоа, давањето на угостителски услуги од став 1 на овој член може да се врши на места определени од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје, на саеми, панаѓури и други манифестации. Во објектот во став 1 на овој член, што е многу битно на овој член може да се продаваат или шалтерски да се опслужуваат јадења во конфекционирана состојба, претходно подготвени во деловната просторија и запакувани, безалкохолни пијалоци, напитоци и фабрички произведен и спакуван сладолед, во согласност со пропишаните санитарно здравствени услуги. Ова комплетно го менува она што досега значеше саем, панаѓур и друга манифестација, каде што сите сме сведоци што се се случува и што и какви производи се нудат од угостителите токму на тие саеми и панаѓури. Мислам дека ако се придржуваме на овие предложени два става од овој член 41, пошто не гледам друго објаснение и понатаму и во казните едноставно стои дека ќе се казнат од 50 до 80 илјади денари ако не се придржуваат до овие два става од членот 41. Значи, доаѓаме во ситуација комплетно да се промени моменталната ситуација од неколку години station наназад. Јас би го поздравил сето тоа, доколку Министерството може да го реализира, но и таму покажувам некој сомнеж дека малку потешко ќе може сето тоа да оди.

Уште еднаш ќе кажам дека остануваат неколку круцијални прашања, кои што ни во законот не беа решени. Јас се надевам дека, не знам дали тоа ќе биде со некоја интервенција, а потоа со некои подзаконски акти, да се решат овие прашања, но мислам дека се битни за законот да може да функционира. Зашто, за секој закон ние кажуваме дека да бидеме поблиски до Европската унија, но секој закон е добар закон само ако може да се применува. Се останато мислам дека про форма искажано на хартија ќе биде само дел од нешто што ќе биде убаво, но за жал во реалноста ќе биде нешто сосема друго.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Јас ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Јас ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни се 65 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 за, 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за угостителска дејност.

**Преминуваме на точката 8 - Предлог закон за туристичка дејност.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 73, член 74, член 77, член 78, член 79 и на член 80 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Владата.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 за менување на броевите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 после точката 5 и потточката (в); член 10 став 2; член 18 став 2 точка 1; член 25 став 5; член 26 став 4; член 28 за додавање нов став 2 по ставот 1; член 30 ставови 2 и 5; член 44 став 3; член 48 став 3; член 56 став 1; член 61 став 1 точка 10; член 66 став 1 точка 14; на воведните реченици на став 1 на членовите 67, 68 и 69; член 69 точка 6; член 73 и на член 78, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Нелко Стојановски и Петар Апостолов поднесоа амандмани на член 12 точка 13 и на член 40 став 1 точка 1 и за додавање нова точка 3 по точката 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Роза Топузова-Каревска, Благоја Голомеов и Соња Лепиткова поднесоа амандмани на член 40 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски, поднесоа амандман на член 25 став 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот  на член 12 точка 13, поднесен од пратениците Нелко Стојановски и Петар Апостолов.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор заменик министерот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Ракип.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 50 пратеници, за амандманот гласаа 6 пратеници, 44 пратеници гласаа против, воздржани нема.

Во салата се присутни 64 пратеници во овој момент.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 точка 13, поднесен од пратениците Нелко Стојановски и Петар Апостолов.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Отворам претрес по амандманот на член 25, став 4, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, господинот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници од присутни 64, за амандманот гласале 10, против гласале 44 пратеници, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25, став 4, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1, точка 1 и за додавање нова точка 3 по точката 2, поднесен од пратениците  Нелко Стојановски и Петар Апостолов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Само по себе се наметнува објаснувањето и образложението за овој амандман, јас мислев дека ќе го прифатат како и претходниот амандман, меѓутоа, не се вклучив на време, се работи за два амандмани кои се блиску до умот, едниот е да бидат вработени со високо образование, ми се чини дека во денешно време образованието не би требало да не се земе во предвид кога европски и светски тренд е да се земат повисоки стандарди, повисоко образование и претпоставувам дека веројатно ќе се најде друг начин да се регулира тоа и сите тие вработени да имаат барем високо образование и не би требало да биде проблем колегите да го прифатат овој амандман.

Апелирам да се прифати овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници од присутни 63 од кои за гласале 14, воздржан 1, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 40 став 1, точка 1 и за додавање нова точка 3 по точката 2, поднесен од пратениците Нелко Стојановски и Петар Апостолов.

Отворам претрес по амандманот на членот 40 став 2, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Благој Голомеов и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, овој амандман кореспондираше со оној што претходно беше одбиен, мислам на амандманот од колегите Нелко Стојановски и Петар Апостолов и мислам дека е депласирано повторно да се разговара на истата тема и затоа го повлекуваме амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски вие сте јавени за амандманот, но бидејќи е повлечен, мислам дека е беспредметна дискусијата.

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Бидејќи колегите пратеници го повлекоа амандманот, мислев да говорам за поддршка на амандманот и да се приклучам кон нивното барање.

Мислам дека ова е една од неколкуте интересни теми кои се регулираат со овој закон, тоа е темата за туристичкиот водич кој во членот 39 со сите овие активности, сега би одзел малку од времето, но во секој случај добро е да се знае дека туристички водич е лице кое на домашните и странските посетители во Република Македонија  им ги презентира природните и антропогените туристички атрактивности, историјата на земјата и културно историските споменици, уметнички дела, етнографски и други атрактивности, историски настани, легенди и личности за тие настани, општественото уредување на земјата, има комуникативни способности, општи познавања од туризмот и психологијата на туризмот и го познава јазикот кој го користат странските туристи.

За туристички водич не се смета стручен работник да ја врши дејноста водич на своето работно место кај правни лица во деловниот објект во кој работи како музеј, галерија, национален парк и сл., стручен работник на туристичката агенција кој

прати група туристи од место во место, водич во планина и пештера, водич на лов и риболов, како и водител или пратител на екскурзии и излети.

Сето ова да го извршувате законодавецот предвидел за давање услуги на туристички водич, туристичкиот водич мора да ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да има живеалиште на територијата на Република Македонија;
- туристичкиот водич мора да има најмалку средна стручна подготовка и положен стручен испит за туристички водич.

Точно тука беше амандманот, соодветна висока спрема, затоа што за овие обврски прашањето беше и на Комисијата за економија, мислам дека добро подготвени луѓе кои завршиле високо образование малку потешко ќе се снајдат ако не поминат определени курсеви со кои ќе бидат запознати со сите овие работи што претходно ги кажавте, така што мислам дека сето ова што е презентирано за еден туристички водич бара личности кои ќе треба да имаат и дополнително завршено образование или курсеви од неколку месеци да можат Македонија да ја претстават пред странските туристи онака како што треба. Во моментот со нашите импровизации стигнуваме да имаме вакви водичи од останатите балкански држави кои се вклучуваат во овие тури и за нашите историски споменици добиваме поинакви сознанија.

Мислам дека е доста сериозна работата, тоа е едно што би сакал да проговорам, а другото е рекламирањето. Ова е се во ред како закон, повторно говорам како закон на хартија, но Република Македонија и Владата на Република Македонија треба да вложи многу повеќе средства и многу повеќе енергија Република Македонија да биде презентирана во Европската унија и секаде во светот за да овие туристички агенции, туристички водичи и се она што значи туризам во Република Македонија, посебно би се осврнал на она што ние можеме да го развиваме, тоа е селскиот туризам, планинскиот туризам за да може да стигне во ситуација, а тоа го имаме, дефинитивно го имаме многу повеќе од многу европски и многу балкански држави, ќе треба да вложи многу повеќе средства за да биде презентирана цела туристичка понуда од сите овие туристички агенции кои ќе имаат лиценца А и лиценца Б и се друго што ќе работат за да можеме Македонија да ја приближиме до светот и Европа да можат да ги видат сите овие туристички убавини кои ги имаме.

Затоа уште еднаш апелирам Владата да има малку повеќе сенс барем за овие технички прашања кои се предлагаат од пратениците со малку поголемо внимание да бидат проследени и барем да има објаснување зошто не се прифаќа. Вака, останува човек со средна стручна спрема да ги знае сите овие работи, тогаш со високо образование ќе треба да имаме експерти од оваа област, а се сомневам дека е така, знаејќи ги луѓето или се остава простор да можеме да вработиме голем број на луѓе со средно образование кои во моментот чекаат некаде работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има заменик министерот за економија, господинот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Прво објаснување. Во Предлогот на законот се вели најмалку средна стручна спрема, во никој случај не се ограничува високо образование.

Второ, лицето кое ќе работи како туристички водич ќе треба да полага стручен испит. Тој стручен испит се полага пред комисија формирана од високообразовна институција од сферата на туризмот и угостителството.

Мислам дека сето она што беше наведено како забелешка е предвидено со закон. Значи, со ова сакавме да дадеме можност за вработување и на тие луѓе кои имаат способности, познаваат странски јазици, познаваат делови од историјата, културата, вредностите на Република Македонија за да можат и тие да се вработат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е јавен господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Токму за ова говориме господине заменик министре, во самиот закон вие кажувате, а не јас, им ги презентира природните, антропогените туристички атрактивности, историјата на земјата, културно историски споменици, уметнички дела, етнографски историски настани, легенди, личности, настани и да не продолжувам понатаму и кажувате најмалку средно образование. Ние говориме најмалку високо образование. За сите овие работи да ги познавате и малку повеќе од она што сте завршиле факултет ќе треба да биде токму таа комисија која ќе треба да ја формираат, како што кажавме на комисијата, претпоставувам Факултетот за туризам во Охрид, ќе треба да дојдеме во ситуација и овие луѓе што завршиле факултет за одредени работи да добијат дополнителна обука.

Во таа насока е и овој амандман и интервенцијата на комисијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 58 за, 1 воздржан, 1 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата биле присутни 63 пратеници, гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за туристичка дејност.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на закон за вршење занаетчиска дејност.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 14 став 1 и 5; член 15 став 1 и 5; член 17 став 1 и 2 и на член 18, со кои се согласил претставникот на Владата.

Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јордан Михајловски поднесе амандмани за менување на члерн 34; член 11 став 1 и на член 31 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1, поднесен од пратеникот Јордан Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Пријавена е госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Министерството, почитувани колеги,

Сакам да го искажам својот став во однос на овој амандман со кој се предлага промена на членот 11. Заради технички пропуст не се проследени амандманите кои

ги доставив и кои се речиси идентични со амандманите што ги има доставено колегата и токму заради тоа сакам да ја искажам својата поддршка.

Членот 11 став 1 зборува за тоа како се прави проверка на стручната оспособеност за вршење на определена занаетчиска дејност, односно дека тоа го прави комисија формирана од општинската или регионалната занаетчиска комора.

Сметам дека неоправдано се исклучуваат организациите за образование на возрасни кои со години наназад, повеќе од 50 години многу успешно ги спроведуваат односно ги прават овие проверки за стручната оспособеност. Сметам дека во Националната програма за развој на образованието во Република Македонија во одделот за образование на возрасни, Владата тоа треба да го почитува, бидејќи Националната програма е обврска за Владата и за Министерството, внатре стои, меѓу другото, дека е нужно да се воспостави широка мрежа на формални и неформални даватели на образовни услуги, а меѓу спомнатите мерки кои ќе бидат преземени во наредниот период е и следната: зголемување на можностите за образовен избор.

Институциите за образование на возрасни со долгогодишно искуство и традиции како што се работничките универзитети не можат да бидат надвор од овој процес на образование на возрасни и на проверка на нивната стручна оспособеност.

Токму заради обврската што ја има преземено Владата со Националната програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005 до 2015 година и низата мерки кои таа вели дека ќе ги преземе во наредниот период, а посебно зголемување на можностите за образовен избор ја обврзуваат Владата да постапи така, не да ги ограничува можностите за избор, туку да ги проширува и немам ништо против да се вклучи Занаетчиската комора, меѓутоа неоправдано е, повторно ќе кажам, исклучување на организациите за образование на возрасни.

Токму заради тоа сметам дека Владата навистина треба сериозно да размисли за овој амандман и за наредните амандмани кои ја регулираат оваа област.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е јавен заменик министерот за економија, господинот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Прашањето за кое зборува госпоѓата пратеник е регулирано во последниот став од овој член каде се предвидува дека за стручно способни лица се сметаат и

оние лица кои својата способност ја стекнале во установи од јавниот и приватниот образовен систем, што значи тука станува збор за работнички универзитети и тн.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, од кои 6 за, 49 против, нема воздржан.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Присутни биле 58 пратеници.

Го поништувам гласањето, ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Во ред, во салата имаме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници од присутни 61, од кои 6 гласале за, 53 против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 1, поднесен од пратеникот Јордан Михајловски.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2, поднесен од пратеникот Јордан Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Повторно со овој амандман ценам дека неоправдано се исклучуваат институциите за образование на возрасни, се стеснува можноста за образовен избор и она што го кажа пред малку почитуваниот заменик дека е дадена можност во претходниот член што беше разгледуван членот 11 за институциите за образование

на возрасни, бидејќи внатре е кажано дека за стручно оспособени лица се сметаат и оние лица кои својата оспособеност ја стекнале во установи од јавниот и приватниот образовен систем кои со закон се овластени да вршат обука, преквалификација и доквалификација.

Морам да го потсетам почитуваниот заменик дека во моментот не е донесен законот за образование на возрасни и институциите за образование на возрасни кои вршат обука, преквалификација и доквалификација не можеме да кажеме дека со закон се овластени да ја вршат таа работа, бидејќи сеуште не е донесен ниту законот за јавни установи.

Токму од тие причини барам повторно да размислите и во врска со овој и во врска со наредните членови конечно да се даде законска рамка за работа на институциите за работа на возрасни.

Институции кои работат 50 години да немаат законска рамка за постапување и за работа, а прави сега онви институции односно занаетчиските комори да ги имаат сите ингеренции на институции за образование на возрасни.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници од присутни 63 пратеници.

За амандманот гласале 4 пратеници, 55 гласале негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 31 став 2 поднесен од пратеникот Јордан Михајловски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 34 поднесен од пратеникот Јордан Михаловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија г-динот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Незнам дали и понатаму да настојувам дека има потреба да размисли претставникот на Министерството дека се работи за нешто што е многу сериозно, се работи за институции што имаат огромно искуство во работењето на образованието на возрасните и навистина, не можам да сметам дека процесот на етаблирање и профункционирање на центрите за обука од страна на заедничкиситите комори нема навистина да имаат проблеми и во смисол на квалитетот на обуката што ќе ја нудат, бидејќи немаат доволно искуство на тој план. Овде ќе се јави опасност од непрофесионален донос и дилетантизам.

Затоа, повторно ќе кажам, сметам дека искуството што го имаат институциите за образование на возрасни ќе биде од непроценлива важност за професионално организирање и профункционирање и на самите овие центри. Неопходно е потребно да го збогатуваме пазарот на образовни услуги во Република Македонија , а не да го стеснуваме. Повторно ќе потсетам на Националната програма за развој на образованието и, ќе спомнам, дека со тоа давате екслузивно право на таков вид на услуги на занаетчиските комори, а го укинувате правото на институциите за образование на возрасни, со што ја ограничувате можноста за образовен избор.Сметам дека тоа не е ниту во духот на пазарното стопанство, ниту пак во духот на подобрите и поквалитетни образовни услуги што треба да се нудат во Република Македонија.

Благодарам .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-динот заменик министер за економија, г-динот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

Само една реченица, да кажам дека со ништо не им се укинува правото на институциите за кои зборува г-ѓата пратеник. Тоа им е обезбедено, гарантирано со последниот став од член 11.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика е пријавена г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Заборава почитуваниот претставник на министерството дека во моментов, во Република Македонија немаме закон за образование на возрасни. И самиот факт што занаетчиските комори, со закон им се дава правото да издаваат сертификати, да вршат испити, исто така да прават обука, значи нешто што е регулирано со закон, а од другата страна имаме институции што 50 години се борат со закон да го добијат ваквиот статус. Сметам дека навистина е неоправдано да правиме нешто ново, а тоа што функционира и што се покажало дека е добро, да му ги ускратиме понатамошните можности за опстанок и работење.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-динот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Јас ќе го подржам амандманот на колегата Јордан Михајловски од причина што сметам дека во процесот на обуката, преквлификација и доквалификација, проверката на стручна оспособеност, како и полагањето на мајсторските испити на занаетчиите треба да бидат вклучени и јавни и приватни институции за образование на возрасни, покрај занаетчиските комори.

Ова, со цел во овие процеси да бидат вклучени и работничките универзитети што произлегува од повеќедецениското нивон работење на преквалификација, на доквалификација и на дообразованието на граѓаните.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-динот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Како предлагач, почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници, сакам да кажам дека Владата во однос на овој амандман нема никакви аргументи да го одбие. Ниту првиот, ниту вториот, ниту третиот амандман.

Прво, се занемарува повеќедецениската работа на работничките универзитети. Ќе потсетам дека Работничкиот универзитет “Кочо Рацин” има досега

стручно оспособено 173.700, ако може нешто да се занемари, оваа борјка неможе да се занемари.

Незнам зошто се штити просторот на таков на начин, коморите да имаат екслузивно право да го прават тоа што треба да го прават, да даваат уверенија. Зошто не сакаме оваа дејност комплетно да ја ставиме во одредени рамки и да го почитуваме и стручното знаење и кадровската и техничката опременост на работничките универзитети, едноставно да ги ставиме под контрола на законот тоа што го работат и да им дадеме шанса да живеат? Аргументите на Владата мислам дека паѓаат во вода.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-ѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

И јас би се придружила кон подршката на овој амандман и сметам дека, навистина, во практичната примена на реализацијата на овој закон, овие амандмани и те како ќе имаат вистинска улога во функционирањето на занаетчиството, за кое што сите ние кажуваме и се залагаме дека треба да биде еден од двигателите на развојот на општеството.

Од тие причини, следејќи ги ги досегашните искуства што ги имаме во процесите и улогата на работничките универзитети што ги дадоа во досегашниот период за образование на возрасни, токму во сферата на занаетчиството, сметам дека сите пратеници на Парламентот треба да дадат подршка на овие амандмани, бидејќи се во функција на практична и поуспешна реализација на примена на самиот закон за занаетчиска дејносст.

Јас ќе го подржам овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Уште еднаш би ги замолила колегите пратеници да влезат во салата пред да преминеме на гласање.

Во меѓувреме ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците.

(службите го утврдуваат бројот на пратениците)

Јас ги молам колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласањето.

Во овој момент во салата се присутни 60 пратеници.

Во ред, во салата се присутни 61 пратеник во овој момент.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, од присутните 61 пратеник.

18 пратеници гласале за, четири воздржано, а 36 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 34 поднесен од пратеникот Јордан Михаловски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Г-дине Аднан Јашари, повелете.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам почитувана г-ѓо потпретседател.

Сакам накратко да го изразам моето мислење во однос на предложениот текст од страна на предлагачот, за што на почетокот сакам да искажам благодарност и почит за овој Предлог на закон, затоа што во целост, речиси во целост се инкорпорирани предлозите на многу пратеници и од Друштвото на занаетчиите на Македонија што беа дадени во текот на расправата што ја водевме во првата фаза за Предлогот на закон.

Зошто го велам ова? Затоа што имаше две основни барања, би рекол, на Занаетчиското друштво на Македонија.

Првото барање било задолжителното зачленување на занаетчиите во Друштвото на занаетчиите, и

Второто барање, во голема мерка тоа е инкорпорирано во членот 4 на овој Закон, а тоа е проширување на смислата на занаетчиската дејност.

Во согласност со тоа што е предвидено во текстот на Предлогот на законот, занаетчиите во иднина ќе иомаа можност да преку запишување во Занаетчиската комора по автоматизам, по запишувањето да станат и членови на тоа друштво и нормално, во согласност со ова, преку плаќање на членарина ќе можат да влијаат да друштвата на занаетчиите мо жат да се основаат било на локално ниво, било на регионални ниво, било на државно ниво. Да се развиваат преку нив и преку нив ќе си ги обезбедуваат своите права.

Второ, тоа што го кажав и претходно, дека во иднина, како занаетчии ќе имаат можност да се зачленуваат и бурегџиите, слаткарите итн, нормано тие кои оваа дејност ќе ја вршат во согласност со овој закон, всушност покрај дејностите што ќе се запишат како трговски дејности во согласност со овој закон за занаетчиски друштва.

Токму од овие две причини јас сакам уште еднаш да ја изразам мојата благодарност за предложениот текст.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-динот Владо Илиевски, повелете.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуваин претставници на Владата, колеги пратеници,

На почетокот на мојата дискусија сакам да ги искажам моите позитивни видувања во насока на донесување на законот за вршење на занаетчиска дејност.

Овој закон нема некое поголемо економско значење. Меѓутоа, неговото значење е во правец на заштитата и унапредувањето на занаетчиската дејност, а тоа се остварува со погодностите што ги нуди овој закон.

Занаетчиството, последниве години бележи тренд на постојана стагнација. Слободно можам да кажам дека ова е период на одумирање на занаетчиството. Од тој аспект гледаме овој закон нуди многу олеснувања во правец на отпочнување со вршење на занаетчиската дејност, големи поволности и стимулирање во текот на самата дејност, како и поволности и можности во смисла на понатамошен развој, здружување и омжност за нивно организирано претставување, се со цел за промоција на националните занаетчиства.

Исто така, можам слободно да кажам дека изготвувачот на законот ги прифати скоро сите наши забелешкик, како од комисиските расправи, така и од собраниската расправа по Предлогот на законот. И сега имаме, навистина, добар закон што јас лично сметам дека ќе овозможи, барем зачувување на нашите стари занаети, со можност за нивен развој.

Само едно од моите барања што сметам дека од оправдани причини не е прифатено, тоа е предлогот што го истакнав и на Комисијата за економски прашања а се однесување на членот 10 од Законот за услови за вршење на занаетчиска дејност, предлагав да не се условува занаетчијата да може да врши занаетчиска

дејност, да не е во работен однос. Па, само тогаш да може да отпочне со вршење на дејноста, бидејќи во Предлогот на законот, во членот 16 дава можност за вршење на занаетчиска дејност и во својот дом како дополнителна активност. Сметав дека занаетчиската дејност, како дополнителна дејност што може да се обавува во својот дом, да може да се остварува и како можност за дополнителна работа и профит, а се соцел стимулирање на занаетчиството. Неговото разгледување и толкување омже да биде од различни пристапки, битни и клучни за квалитативната примена и практика.

Меѓу другите подгодности со понудената содржина на овој закон се создаваат услови за продолжување и негување на старите национални занаети и обичаи што веќе, како што реков, подолго време се во стагнација, а со цел зачувување на народните, културно-уметничките занаетчиски ракотворства и традиции како и зачуввување на националниот идентите.

Во таа смисла, во членот10 од овој закон за вршење на занаетчиска дејност, овозможено е секој заинтересиран да може да врши занаетчиска дејност под услов да не е во работен однос, како што реков и да има завшено соодветно стручон образование.

Во споредба со Законот за заедничка дејност од 1998 година, услови за вршење на занаетчиска дејност, беа потребни дури 10 услови да се стекне со право заинтересираниот занаетчија да може да се запише во регистарот на занаетчии, со што се стекнува со право за вршење на саканата занаетчиска дејност.

Сето ова говори дека видно многу е направено во овој закон, со цел да се олесни и забрза самиот процес на неговото запишување во регистерот на занаетчии на секое заинтересирано физичко лице.

Второ и незанемарливо право е дека за вршење на занаетчиската дејност секој интересент поднесува барање до Комората за упис во регистарот на занаетчии во самото место каде што се наоѓаат просториите за вршење на дејствијата.

Надлежните најдоцна за 8 дена од приемот на барањето треба да извршат упис во регистарот на занаетчии. До колку тоа не се спроведе во дадениот рок, истото се смета за донесено и занаетчијата може да отпочне со работа.

Трето, со поволностите кои ги нуди овој закон, сериозно сметам дека тој ќе биде вистински поттик за нови самовработувања, како и за нови вработувања

остварени со поголем број на работници со кои занаетчијата смета да го зголемува производството како и да го зголемува асортиманот на производи. Овој закон тоа го дозволува, а дозволува и зголемен број на вработувања.

Треба да се има предвид и фактот дека понудените решенија се во правец на развојот на занаетчиството, а со самото тоа и стимулирање на вработувањето, како голем проблем што ја тишти државата во овој момент. Со сето тоа би се создале услови за поголем интерес кај помладите генерации, да продолжат со старите фамилијарни традиции и занаети, со што вековните знаења и вештини би се пренесувале на помладите генерации и од поколение на поколение.

Содржината на овој текст на закон нуди, а со цел стимулирање на семејните бизниси, постапка во траење од еедна година при заминување на занаетчијата во пензија или смрт, околу пренесувањето на правото за натамомшно вршење на дејноста, од страна на неговите деца, т.е. наследници.

Исто така функционално е што за привремен прекин за вршење на занаетчиската дејност, во член 22 од овој закон се нудат повеќе можности т.е. причини со кои може да се прогласи привремен прекин, со цел некои помали проблеми во текот на работењето да не доведат до целосен прекин на вршењето на занаетчиската дејност.

Посебно треба да се истакне фактот дека законот нуди можност занаетчиите да се здружуваат во регионални занаетчиски комори, во зависност од спецификата на регионалните занаети, заради соработка и подобрување на квалиртетот на производите, со цел заеднички настап и на меѓународни саеми и изложби каде би се презентирале националните занаети т.е. мајсторства кои веројатно претставуваат и реткост.

Стремејќи се кон поинтензивен развој на занаетчиството, Законот два можност, регионалните занаетчиски комори да организираат регионални центри за обука, преквалификација и доквалификација на занаетчиите и вршителите на занаетчиската дејност и можност за стекнување со титулата мајстор.

Од сите овие наведени причини, јас ќе го поддржам донесувањето на овој закон.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Уште еднаш ги замолувам сите колеги пратеници да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Службите ги молам да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Имаме 61 присутен пратеник во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, од присутни 61, за гласале 56, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вршење на занаетчиска дејност.

Почитувани колеги пратеници, во договор со претседателот на Собранието, господинот Љупчо Јордановски, тука ќе ја прекинам седницата.

За продолжението на седницата ќе бидете благовремено информирани.

Дозволете ми,со оглед на тоа дека утре е 8 Септември, од мое име и од ваше име, на сите граѓани на Република Македонија да им го честитам утрешниот празник Денот на независноста на Република Македонија.

(Седницата прекина со работа во 12,30 часот.)